ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 7 ДАТА 04.05.2016 ГОДИНА 34

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 7 ДАТА 04.05.2016 г.

## СОДРЖИНА

- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

Дисциплинска комисија на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-498/2-1
27.04 2016 год.

Врз основа на член 116 а во врска со член 121,122 и 136 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Блерим Бесими – Претседател, Миле Тановски-член и Бранко Здравевски член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари против Јовановски Ѓорѓи, фудбалер на ФК Победа од Прилеп , исклучен на натпреварот ФК Македонија ЃП 1932 АД - ФК Победа во рамките на 19.коло од Втора МФЛ поведе дисциплинска постапка на ден 29.03.2016 година, по што врз основа на член 46 а в.в со член 3 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 27.04.2016 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. На Јовановски Ѓорѓи со ИД број 105190, фудбалерот на ФК Победа од Прилеп ,му се изрекува дисциплинска мерка – **забрана за играње од 9 (девет) месеци.**

2. Времето минато под суспензија е вклучено во казната изречена во став 1 од оваа одлука.

3. Казната тече од 07.04.2016 година.

4. Одлуката да се објави во службеното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската Комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари против Јовановски Ѓорѓи, фудбалер на ФК Победа од Прилеп , исклучен во 85 минута од натпреварот поради физички напад на гледач на натпреварот ФК Македонија ЃП 1932 АД - ФК Победа, му изреќе суспензија во траење од 1 (еден) месец и поведе дисциплинска постапка поради физички напад на гледач и ги задолжи фудбалерот Ѓорѓи Јовановски, овластените лица на ФК Македонија ЃП од Скопје и ФК Победа од Прилеп, како и службените лица на натпреварот да достават изјави во врска со настанот за кој е поведена дисциплинска постапка.
Фудбалерот Ѓорѓи Јовановски достави изјава до дисциплинската комисија на ден 07.04.2016 година во која наведува дека на натпреварот ФК Македонија ЃП 1932 АД - ФК Победа, лице од публика пришло до жицата на оградата на теренот со трибината, каде што тој со двајца фудбалери биле потпрени и истото со погрдни зборови се обратило кон нив и се обидело физички да ги нападне. Во изјвата наведува дека истиот само се бранел и го оттурнал лицето кое се обидувало да го удри. Во изјава од 07.04.2016 година доставена од ФК Победа од Прилеп се наведува дека во 84 минута од натпреварот при досуден слободен удар за ФК Победа, едно лице од публика влегло во вербален дуел со резервните играчи на клубот кои биле потпрени на оградата од стадионот одма до клупата за резервни играчи, по што настанала гужва во која истите не можат точно да потврдат или изјават што се случило и истакнуваат. Судијата Стојанче Стојанов во изјава од 29.03.2016 година, дадена веднаш по натпреварот и изјава од 11.04.2016 година наведува дека во 85 минута играчот со бр. 12 се обидел да се качи на оградата од игралиштето и удрил гледач во публика по што му

изрекол црвен картон, истовремено настанала мешаница и контакт помеѓу навивачите на двете екипи на поголемата трибина и неколку цивили влегле на терен прескокнувајќи ја оградата. Делегатот на натпреварот во својата изјава од 29.03.2016 година наведува дека во 85 минута од натпреварот фудбалерот со бр. 12 Ѓорѓи Јовановски се качил на оградата од игралиштето и удрил гледач, по што од страна на главниот судија му бил даден црвен картон.

Комисијата на седницата одржана на ден 20.04.2016 година, постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот од одигран на ден 29.03.2016 година, делегатски дополнителен извештај, изјава од делегатот на натпреварот, изјава од главниот судија, изјава од фудбалерој Јовановски Ѓорѓи и изјава од клубот гостин. Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На натпреварот во рамки на 19 коло од Втора МФЛ одигран на ден 29.03.2016 година помеѓу ФК Македонија ЃП и ФК Победа Прилеп на стадионот на ФК Македонија Ѓорче Петров, во текот на 85 минута резервниот играч на ФК Победа – Прилеп со бр. 12, Ѓорѓи Јовановски физички нападнал гледач во публика. Имено фудбалерот со бр. 12 се качил на оградата на која истиот бил претходно потпрен и физички нападнал односно удрил едно лице во публика.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 46 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, имено Комисијата утврди дека фудбалерот на ФК Победа – Прилеп со бр. 12, Ѓорѓи Јовановски на натпреварот во рамки на 19 коло од Втора МФЛ одигран на ден 29.03.2016 година помеѓу ФК Македонија ЃП и ФК Победа Прилеп се качил на оградата помеѓу теренот и трибината и удрил гледач во публика. Комисијата ги ценеше наводите дадени во изјавата на фудбалерот дека истиот бил испровоциран во повеќе наврати во текот на натпреварот. Комисијата ги имаше во предвид сите олеснителни и отежителни околности при одмерување на казната, и ценејќи ја целата ситуација, возраста на фудбалерот и неговата претходна неказнуваност утврди дека се исполнети условите за примена на член 3 став 6 од ДП по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска комисија**
**Претседавач, Блерим Бесими с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**- ФК Победа Прилеп**
**- Натпреварувачка комисија**
**- Макфудбал**
**-архива на ФФМ**

Деловоден број 0801-498/2-1